Врз основа на член 62 став 1 од Законот зал окална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 73 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19 и 47/21), а во согласност со усвоената Г2 Програма за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Берово за 2021 година со бр.09-4042/1 од 15.12.2020 година, Советот на Општина Берово на 3-тата седница одржана на ден 30.11.2021 година донесе:

# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАГРАДИ И ОТКУП НА ФОТОГРАФИИ–ФОТО ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИ СО МОТИВИ ОД ПЕЈСАЖИ, АКТИВЕН ТУРИЗАМ И ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТИ ВО ОПШТИНА БЕРОВО

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката за откуп на фотографии со мотиви од пејсажи, активен туризам во делот на планинарење, велосипедизам, и други активности во природа како и културно-историски споменици, традиции, фолклор, манифестации, природни убавини и туристички локалитети од Општина Берово како туристичка дестинација, со цел зголемување на туристичката понуда во согласност со Г2 - Програмата за поттикнување и развој на туризмот на општина Берово за 2021 година.

### Член 2

Општина Берово согласно програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2021 година со бр. 09-4042/1 од 15.12.2020 година има определно средства за наградниот фонд „фото предизвик за млади“ за три награди и тоа за прво место 30.000 денари, второ место 20.000 денари и трето место 15.000 денари за најдобро креиран промотивен материјал-фотографии за туристичка промоција на општина Берово од буџетската сметка.

### Член 3

Наградата и откупот ќе се реализира со:

- Откуп на фотографии со мотиви од пејсажи, активен туризам во делот на планинарење, велосипедизам, и други активности во природа како и културно-историски споменици, традиции, фолклор, манифестации, природни убавини и туристички локалитети од Општина Берово како туристичка дестинација кои досега не се воопшто користени за други промотивни цели.

- Минималниот број на доставени фотографии е 20, а предност ќе биде и доставено видео во траење од 1 до 3 минути.

## II. УСЛОВИ, НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 4**

Постапката за откупување на фотографиите со мотиви од пејсажи, активен туризам и туристички локалитети во Општина Берово од член 3 ја спроведува комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Берово.

Комисија за спроведување на наградниот конкурс, е составена од претседател и 4 члена со нивни заменици со следните надлежности:

- Комисијата го објавува јавниот повик;
- Комисијата ги прибира, отвара, разгледува и евалуира пријавите;
- Комисијата е должна да состави записник од отварањето на пријавите, записник од евалуирањето и извештај за постапката со предлог за избор на квалификуваните пријави со ранг листа.

Решението за рангирање на пријавите го донесува Градоначалникот, врз основа на извештајот од страна на Комисијата.

Апликантите кои нема да бидат избрани на повикот ќе бидат известени во рок од 15 дена од конечниот избор. Со објавувањето на резултатите општината нема обврска да ги врати фотографиите на апликантите, освен по поднесено барање од нивна страна.

Согласно решението за избор, Градоначалникот потпишува договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со важечките прописи и позитивните законски одредби на Република Северна Македонија.

**Член 5**

Средствата за награда и откуп на фотографии со мотиви од пејсажи, активен туризам во делот на планинарење, велосипедизам, и други активности во природа како и културно-историски споменици, традиции, фолклор, манифестации, природни убавини и туристички локалитети од Општина Берово ќе се изврши врз основа на евалуацијата на исполнување на следнава спецификација и критериуми:

| **СПЕЦИФИКАЦИЈА** |
|---|
| Сите зелени површини и паркови, водени површини, реки и слично (до 10 фотографии) |
| Градот Берово, населените места во општина Берово како и туристичките населби во општината (до 10 фотографии) |
| Културно историски споменици (до 10 фотографии) – традиции, фолклор и манифестации |
| Планински пејсажи (до 10 фотографии) во четири годишни времиња |

| |
|---|
| Активен туризам (до 15 фотографии) – велосипедизам, кајакарство, кампинг, набљудување во природа, зимски активности, екстремни спортови и други надворешни активности |

| **КРИТЕРИУМИ** |
|---|
| Фотографиите треба да бидат доставени во дигитална форма JPEG помеѓу 1-5 mb |
| Фотографиите не треба да бидат постари од 1 година |
| Фотографиите не треба предходно да бидат објавувани во печатени медиуми ( весници, каталози и списанија) или да учествувале на други конкурси |
| Фотографии кои ќе содржат познати локалитети, локални знаменитости, локални занаети, ракотворби, сувенири, традиционална храна како и туристички атракции. |

Предност ќе имаат пријавите кои покрај наведените спецификации и кретириуми за фотографии ќе достават и видео за труистичка промоција на Општина Берово во траење од 1 до 3 минути во соодветен формат.

Комисијата е должна во рок од 10 дена по крајниот рок за доставување на пријавите да состави ранг листа, согласно горенаведената спецификација и критериуми.

Наградата и откупот ќе се изврши согласно член 2.

## III. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 6**

Наградите за откупот на фотографии со мотиви од пејсажи, активен туризам и туристички локалитети во Општина Берово ќе се реализира со јавен повик објавен на официјалната веб страна на Општина Берово**www.berovo.gov.mk**, огласна табла во општината и социјалните медиуми.

Јавниот повик трае 15 дена од денот на објавување.

**Член 7**

Апликантите треба да ги достават следните документи:

1. Пријава во 2 (два) примероци за пријавување на конкурсот кое содржи име и презиме, конткат адреса, телефон и е-маил адреса со назив на пријавата: ЗА НАГРАДА И ОТКУП НА ФОТОГРАФИИ-ФОТО ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИ.

2. Фотокопија од лична карта и транскциска сметка;

3. Фотографиите да се достават во оргинален формат, во дигитален JPEG формат, со резолуција помеѓу 1 и 5 mb електронски на ЦД или во принт (фотохартија).

4. Електронското портфолио (ЦД) кое ќе содржи најмалку 20 фотографии со мотиви од пејсажи, активен туризам и туристички локалитети во Општина Берово согласно спецификациите од член 5.

5. Изјава согласно член 9 од овој Правилник.

**Член 8**

Пријавата на Јавниот повик-награден фото предизвик за млади, заедно со потребната документација се поднесуваат до Комисијата во архивата на Општина Берово на ул. Димитар Влахов бр.10 Берово, за време траењето на повикот од 7.30 до 15.30 часот, во затворен плик.

**Член 9**

Потребните документи за пријавување да бидат доставени во затворен плик каде што во горната лева страна ќе биде означено НЕ ОТВАРАЈ, додека пријавата да биде прикачено на самиот плик на кој ќе може да се направи прием во архивата на Општина Берово, а доколу пријавата се доставува по пошта истата да биде доставена со доказ (повратница) на ул: Димитар Влахов бр. 10, 2330 Берово. На пликот треба да е наведено: ”Јавен повик- фото предизвик за млади”.

Со предавањето на фотографиите за учество на Јавниот повик се доставува Изјава дека:

- е автор на фотографиите;

-фотографијата не е претходно изложена или објавена;

-ги отстапува авторските права на Општина Берово со неграночено право да ги објавува, разменува, печати или пренесува на трети лица.

-Општина Берово, како и членовите на Комисијата не подлежат на одговорност во случај на злоупотреба на авторските права од страна на самите учесници или трети лица за фотографиите пријавени на повикот.

**Член 10**

Право на користење на финансиските средства од Буџетот на Опшина Берово, согласно овој правилник имаат сите заинтересирани млади лица од 18 до 32 години кои се жители на општина Берово, а ќе учествуваат со своите фотографии на Јавниот повик од награден карактер.

## IV. УСЛОВИ, НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 11**

По донесеното решение за избор, добитниците во рок од 10 дена треба да достават:

- Фотографии кои се понудени во пријавата во дигитална TIFF форма во висока резолуција од 300 DPI (со резолуција за печатење на постери од 20 до 100 mb) со големина за хоризонтална форма - ширина 5000 пиксели и висина 3000 пиксели, а за вертикална форма - ширина 3000 пиксели и висина 5000 пиксели.
- Фотографиите треба да бидат со наведена локација и трицифрен број во формат (на пример xxxx 001)
- Понудувачот е должен фотографиите да ги достави целосно артистички и графички обработени.

**Член 12**

Фотографиите кои ќе содржат модели (личности) треба да се доставени со договор за согласност од личноста која е фотографирана, доколку се работи за фотографии со малолетни лица задолжително и доказ за согласност од родител или старател. По предавањето на фотографиите Општина Берово нема обврска за плаќање на било каков надоместок на личноста која е фотографирана.

**Член 13**

Општина Берово го задржува правото за контрола, проверка и следење како и повраток на средствата доколку се утврди било каква неправилност.

**Член 14**

Овој правилник стапува во сила со денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4089/1
30.11.2021 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Стево Сугуковиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БЕРОВО